# ЗАПИСНИК

од 6-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС

Скопје, 12 јуни, 2024 г.

**<u>Присутни</u>**:

Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Звонко Пекевски (Градоначалник на Општина Берово), Тони Коњановски (Градоначалник на Општина Битола), Блаже Шапов (Градоначалник на Општина Богданци), Бесник Емши (Градоначалник на Општина Боговиње), Ристо Манчев (Градоначалник на Општина Босилово), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Славе Андонов (Градоначалник на Општина Василево), Спасе Кочовски (Градоначалник на Општина Вевчани), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Миле Петков (Градоначалник на Општина Виница), Бобан Стефковски (Градоначалник на Општина Гази Баба), Андон Сарамандов (Градоначалник на Општина Гевгелија), Киро Нацков (Градоначалник на Општина Градско),Данела Арсовска (Градоначалник на Град Скопје),Хекуран Дука (Градоначалник на Општина Дебар), Лазар Петров (Градоначалник на Општина Демир Капија), Никола Најдовски (Градоначалник на Општина Демир Хисар), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Бљерим Сејди (Градоначалник на Општина Желино),Коста Маневски (Градоначалник на Општина Зелениково), Борчо Коцев (Градоначалник на Општина Зрновци), Димитар Костадиноски ( Градоначалник на Општина Јегуновце), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Златко Ристов (Градоначалник на Општина Конче), Љупчо Папазов (Градоначалник на Општина Кочани), Тодорче Николовски (Градоначалник на Општина Кратово), Николче Мискоски (Градоначалник на Општина Кривогаштани), Томе Христоски (Градоначалник на Општина Крушево), Бошко Цветковски (Градоначалник на Општина Лозово), Медат Куртовски (Градоначалник на Општина Маврово и Ростуше),Димчо Атанасовски (Градоначалник на Општина Македонска Каменица), Драганчо Саботковски (Градоначалник на Општина Могила), Горан Стојанов (Градоначалник на Општина Неготино), Стевче Стевановски (Градоначалник на Општина Новаци), Ѓорѓе Божинов (Градоначалник на Општина Ново Село), Бобан Цветановски (заменик градоначалник на Општина Старо Нагоричане), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Борче Митевски (Градоначалник на Општина Петровец), Александар Китански (Градоначалник на Општина Пехчево), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Борче Спасовски (Градоначалник на Општина Ранковце), Јован Тозиевски (Градоначалник на Општина Ресен), Стојан Николов (Градоначалник на Општина Росоман), Дејан Владев (Градоначалник на Општина Свети Николе), Стефче Трпковски (Градоначалник на Општина Сопиште), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Аријан Ибраим (Градоначалник на Општина Центар Жупа), Иван

Јорданов (Градоначалник на Општина Штип), Сеад Исмаил (Претседател на Совет на Шуто Оризари ), Трајко Славески (Претседател на Совет на Град Скопје), Изабела Павловска (Претседател на Совет на Општина Крива Паланка), Габриела Илиевска (Претседател на Совет на Општина Битола), Светлана Колариќ (Претседател на Совет на Општина Кисела Вода), Зоран Љутков ( Претседател на Совет на Општина Велес), Валбон Љимани (Претседател на Совет на Општина Гостивар), Ристески Даниел (со овластување од Зоран Ногачески, Градоначалник на Општина Дебрца), Марјан Алампиоски (Претседател на Совет на Општина Македонски Брод), Александар Ненчев (со овластување од Костадин Костадинов Градоначалник на Општина Струмица), Нури Садики, (со овастување од Азем Садики, Градоначалник на Општина Студеничани).

**Дискусија**:

Претседателот на ЗЕЛС констатираше дека на седницата се присутни 63 делегати, со што Генералното Собрание може полноправно да одлучува.

Генералното собрание за 6-та седница го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од 5-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС
2. Обраќање на Претседателот на ЗЕЛС, г. Орце Ѓорѓиевски
3. Одлука за усвојување на финансискиот извештај (завршна сметка) за работата на ЗЕЛС во 2023 г. и наративниот извештај.
4. Разно

Претседателот на ЗЕЛС го најави присуството на г. Христијан Мицкоски, мандатарот за состав на новата Влада на оваа седница на Генералнит Собрание на ЗЕЛС и го покани да им се обрати на присутните.

- Обраќање на г. Христијан Мицкоски, мандатар за состав на новата Влада

Г. Мицкоски го поздрави настанот и изрази желба за успешна работа на овој највисок орган на ЗЕЛС и упати благодарност за укажаната чест да се обрати на седницата. Тој укажа дека висок приоритет на новата Влада ќе биде локалната самоуправа, дека се предвидени итни мерки уште во текот на месец јули и август преку ребаланс на буџетот и обезбедување на 6 милијарди денари наменети за реализација на проекти на општините. Средствата би се исплаќале на јавен повик и по издадено одобрение за грдење, а изградбата ќе се однесува на секаков вид приоритетна инфраструктура во општините. Тој истакна дека е недопуштено во ова време речиси 20% од територија на државата да не биде покриена со снабдување со вода, па макар и техничка вода, дека сеуште постојат земјени патишта кои поврзуваат населени места, а дека се ова не смее да се дозволи заради што изрази ветување и надеж дека ќе се преземат итни мерки за развој на општините. Политиките на Владата ќе се однесуваат на сите општини, без оглед на политичката определба на актуелното раководство, заради тоа што граѓаните на државата се тие на кои им е потребна помош. Стандардите на заштитата на животната средина се на многу ниско ниво, недостига инфраструктура за прочистување на отпадните води и третирање на отпадот. Општините се во многу лоша состојба во поглед

на социјалната заштита, во некои општини се чека на листа за прием на деца во градинка, а демографските податоци се поразителни, во последната декада има преполовување на бројот на новородени деца, па од 32 иљјади сега се 16 иљјади новородени годишно. Тој вети дека Владата ќе преземе мерки за да го стимулира демографскиот развој. Исто така беше нагласено и дека со следниот буџет за 2025 година ќе бидат предвидени дополнителни средства за локалната самоуправа во висина од 15 милијарди денари, кои заедно со овогодишните 6 милијарди денари ќе бидат вкупно 21 милијарда денари или 350 милиони евра. За да може да се искористат овие средства, Владата ќе формира проектна единица за поддршка на реализацијата на проектите, а ќе биде обезбеден и соодветна надзор. Тој ги повика присутните да започнат со подготовка на проектна документација која ќе може да биде подржана од државата.

***

Претседателот на ЗЕЛС се заблагодари на г. Мицкоски за неговото обраќање и ја продолжи работата на Генералното Собрание:

ПРВА ТОЧКА: Усвојување на Записникот од 5 седница на Генералното Собрание

По оваа точка немаше дискусија.

Генералното Собрание едногласно го усвои Записникот од 5-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС без забелешки во форма која е доставена со материјалите за оваа седница.

ВТОРА ТОЧКА: Обраќање на Претседателот на ЗЕЛС г. Орце Ѓеорѓиевски

Претседателот на ЗЕЛС се обрати на присутните укажувајќи на изминатиот периодот кога ЗЕЛС имаше огромни активности, иницијативи, заложби, барања за средби со претставници од Владата, но дека може да се заклучи дека соработката од другата страна не беше на задоволително ниво. Тој укажа дека ЗЕЛС упати текст на Меморандум за соработка со владата, кој беше ревидиран од страна на Владата, па и покрај тоа, не беше потпишан. ЗЕЛС побара итно решавање на проблемот со состојбата со противпожарните единици, побара поддршка за бездомните кучиња, побара финансиски средства заради остварување на надлежностите кои произлегуваат од прописите за кои не се пропишани изворни средства за нивно тековно финансирање. На овој начин, укажа тој, се исцрпува буџетот на општините, граѓаните се незадоволни, а клучните проекти и приоритети на општините не можат да се реализираат. Претседателот укажа дека ЗЕЛС не попусто бара во своите систематизирани ставови, кои се дистрибуирани до сите општини заради нивно ревидирање и ажурирање, да бидат обезбедени 10% од приходите од ДДВ и 50% од персоналниот данок на доход да бидат изворни средства на општините. Тој укажа дека доколку се реализира ветената поддршка од новата Влада, ЗЕЛС ќе биде многу активен во реализација на таквите активности на поддршка на општините. На крај, тој ги повика градоначалниците да започнат со подготовка на проектната документација поврзано со апелот упатен при обраќањето на мандатарот Мицкоски.

ТРЕТА ТОЧКА: Одлука за усвојување на финансискиот извештај (завршната сметка) за работата на ЗЕЛС во 2023 г. и наративниот извештај

Извршниот директор, г-ѓа Перишиќ им се обрати на присутните образложувајќи ја приходната и расходната страна на завршната сметка при што нагласи дека 75% од приходите на ЗЕЛС се средства од членарини на општините, но дека сепак долгот на општините кон ЗЕЛС е преголем и изнесува околу 35 милиони денари. Дел од општините имаат склучени спогодби за исплата на долгот на рати, но дел од нив не се редовни во сервисирањето на долгот, а дел од општините немаат ваква спогодба и кај нив се зголемува долгот од година во година. ЗЕЛС троши речиси 10 милиони денари за одржување на информациските системи за одобрение за градење и за градежно земјиште, овие сервиси ги обезбедува бесплатно за сите општини и за државните органи, а оваа состојба е неодржлива па оттука е потребно да се преземат мерки за да се промени начинот на долгорочно финансирање на овие услуги од јавен интерес. Присутните беа запознати и со приходите остварени од проектите остварени со ГИЗ и УНДП, но дека истите се помал дел од вкупните приходи на ЗЕЛС.

ОДЛУКА: Генералното Собрание на ЗЕЛС донесе Одлука за усвојување на финансискиот извештај (завршната сметка) за работата на ЗЕЛС во 2023 г. и наративниот извештај едногласно.

ТОЧКА РАЗНО:

По оваа точка немаше дискусија

Скопје 12 јуни, 2024 г.

Составил,
Стручната служба на ЗЕЛС

**Заедница на единиците на**
**локалната самоуправа - ЗЕЛС**
**Претседател,**
**Орце Ѓорѓиевски**